





Куќата за отворено домување на жени жртви на семејно насилство кои ја напуштиле насилната средина е раководена од **Националната мрежа против насилство врз жени и семејно насилство**, и е отворена со поддршка од **Град Скопје и Фондација Отворено општество Македонија (ФООМ)**

ГРАД СКОПЈЕ

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

Национална мрежа
против насилство врз
жените и семејното
насилство


**Ул. Коста Кирков Бр. 5/9а**

**Телефон: 02 609 0066**

**coordinator@glasprotivnasilstvo.org.mk**

**www.facebook.com/glasprotivnasilstvo**

**http://www.glasprotivnasilstvo.org.mk/**


# Куќа за отворено домување

## За жени жртви на семејно насилство кои ја напуштиле насилната средина

**Национална мрежа против насилство врз жени и семејно насилство**

## Што е Куќа за отворено домување?

Куќата за отворено домување е форма на поддржано живеење за жени жртви на семејно насилство, и е дел од моделот за реинтеграција и рехабилитација на жени жртви на семејно насилство.

Моделот на реинтеграција и рехабилитација на жени жртви на семејно насилство се заснова на 5 столба: домување; психолошка поддршка и советување; образование; економско јакнење и финансиска помош.

Овој модел има цел да обезбеди долготрајно и безбедно домување, стабилно вработување и приходи, надминување на траумите од преживеаното насилство и живот без насилство за жртвата која ја напуштила насилната средина и нејзините деца.

## За кого е наменета Куќата?

Куќата за отворено домување е наменета за жени жртви на семејно насилство кои ја напуштиле насилната средина и нивните деца.

Во Куќата може да се сместат жени жртви на семејно насилство кои се во ризик од бездомништво, не можат да престојуваат во домовите на поширокото семејство, немаат финансиска можност да обезбедат безбедно домување за себе и своите деца, не се вработени или имаат многу ниски примања.

Жените жртви кои се сместуваат во Куќата не се во ризик од насилство од партнерот кој го вршел насилството, односно се разведени или разделени, и ризикот од насилство е надминат пред сместувањето во Куќата. Најчесто, ова значи дека жртвата била сместена во Центар за жени жртви на семејно насилство (засолниште) и/или се изречени привремени мерки на заштита од семејно насилство.

## Какви услуги обезбедува Куќата?

Куќата за отворено домување обезбедува домување од 6 до 24 месеци, каде на корисничките и нивните децата им се достапни засебни соби за спиење и заеднички простории како кујна, трпезарија и дневен престој. Со престојот во Куќата се покриени сите режиски трошоци, трошоците за храна, лична хигиена, училишни потреби на децата, трошоци за лекување, како и трошоци за судски процеси и адвокатски услуги.

За време на престојот корисничките добиваат советување и поддршка за остварување на социјални права, континуирано индивидуално и групно советување со психолог/психотерапевт, правно советување и менторство и асистенција при вработување.